## „ФОТОКОПИРНИЦА НА ЉУБОВТА" - Арт Еквилибриум

АРТ ЕКВИЛИБРИУМ како најава за БОШ Фестивал 10 ви ја претставува групната изложба

**ФОТОКОПИРНИЦА НА ЉУБОВТА**

**Учесници:** *Владимир Лукаш, Тома Димовски, Елизабета Линдер, Јана Јакимовска, Бруно Толиќ, Кристијан Крстески.*

Во обид да ја зацрвстиме колективната пракса на имагинација се навративме кон корените на БОШ Фестивал, творештвото на **Бошко Бозаџиевски**.

Арт Еквилибриум во улога на куратор – продуцент во рамки на Фестивалот Скопје Креатива покани 6 уметници да творат по сопствена инспирација на песната **ФОТОКОПИРНИЦА НА ЉУБОВТА** напишана од Бошко.

Со цел да ја предизвикаме иднината и нејзината вредност, го задржуваме времето за да развиеме ранливи модели на грижа за другиот како начин преку кој може да се случи промената. Не сме сами во ранливоста и несовршеноста: бивајќи зависни од другите – сме заедно.